# Заменливост на генерички наспроти биолошки слични лекови: Улога на фармацевтите




**Марија Трајчулески*[1,2], Елона Чилку[2] Катарина Смилков[1]**

[1] *Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев, ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А- Штип*

[2] *Агенција за лекови и медицински средства, ул. Св. Кирил и Методиј, бр. 54 - Скопје*

## ВОВЕД

Праксата за пропишување на лекови согласно нивното меѓународно незаштитено име и заменливоста на ниво на фармацевт без согласност од лекар, е добро управувана кај генеричките лекови. Сепак, ова не е случај кога станува збор за биолошки слични лекови, односно биосимилари. Поради посебните карактеристики на биолошките лекови и постоењето на варијабилност од серија до серија, особено е важно заменливоста на лековите да не се потпира само на меѓународното незаштитено име. Комфорноста при заменливост не е присутна, особено не без дозвола на лекар. Цел на овој труд е да се евалуира улогата на фармацевтот и праксите во постапките на заменливост на лековите особено кога станува збор за биолошки слични лекови.

## МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Беше направен преглед на објавени податоци во оригинални научни трудови во PubMed и Scopus во периодот од 2015 - 2025 година во однос на ставовите и праксите за издавање на биолошки сличните лекови, како и во однос на улогата на фармацевтот во овој процес




Слика 1. Приказ на процент на лекари кои се согласуваат супституцијата на биолошки лекови со биосимилари да се одвива на ниво на фармацевт

## РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Прегледот на литература покажа варијабилни резултати во однос на ставот за замена на биолошки лекови и биосимилари на ниво на фармацевт (Слика 1). Поголем дел од лекарите не се согласуваат замената да се одвива на ниво на фармацевт - начин што е пракса за генеричките лекови.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи предвид дека фармацевтите имаат длабоки познавања во врска со сите видови лекови, потребна е нивна поголема вклученост и промовирање на нивната улога во менаџирањето со биолошки лекови, вклучително и во делот на имплементирање на планот за управување со ризик при употребата на биолошките лекови, без оглед дали станува збор за оригинаторни или биолошки слични лекови.

**Втор симпозиум со меѓународно учество *Фармацевтот како алка помеѓу традиционалната и иновативната терапија***
**Штип, 27 септември 2025 г.**